АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9, мезанин, локал 5 - Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје објавува:

## Јавен оглас
## за потреба од вработување на работници на неопределено време

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, има потреба од вработување на **2 (два)** работника на неопределено време за следните работни места:

**1**. За работно место **"Самостоен референт за јавни набавки"** во Дирекција на Акционерското друштво – **1 (еден)** работник со завршено ВСС во Сектор за правни и општи работи - Отсек за јавни набавки, без работно искуство со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **32.288,00 денари.**

**2**. За работно место "**Референт за застапување на судски предмети"** во Сектор за правни и општи работи и економско-финансиски работи во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, Регионален центар Скопје – **1 (еден)** работник со завршено ВСС, дипломиран правник без работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **27.359,00 денари.**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат општите услови согласно Закон, како и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и тоа:

- да имаат завршено соодветно образование наведено за конкретното работно место и работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

**Кандидатите со пријавата (со контакт телефон и адреса), во која се наведува за кое работно место од огласот се пријавува, треба да достават и докази за исполнување на наведените услови и тоа**:

- диплома, уверение или свидетелство за завршено образование со бараната стручна подготовка (оригинал или копија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство (оригинал или копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оригинал или копија заверена на нотар).

Рокот за пријавување на кандидатите е **3 (три) работни дена** од денот на објавувањето на огласот (до 18.12.2019 година)

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

**Пријавата со документацијата во оригинал или копија заверена на нотар се доставува на адреса на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје – Дирекција на ул. “Стале Попов“ бр.9, мезанин, локал 5 во Скопје, препорачано преку пошта или во архивата на Акционерското друштво секој работен ден од 8.00-16.00 часот.**

**Пријави доставени по e-mail нема да се разгледуваат.**

АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје ќе изврши избор од пријавените кандидати во законски предвидениот рок (45, 90 или 120 дена) во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лице за контакт: Г. Данов, тел. 02/3233-281; 076/361-386